# З А П И С Н И К

Од дваесеттата седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 27.04.2023 година, (четврток) со почеток во 13.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни: 13** советници.

**Отсатни:** Агнеса Зенуни, Адем Ј. Јашари.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Бујамин РуШити, кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред.

## Дневен ред

1.Разгледување и усвојување на записникот од деветнаесеттата седница на Советот на општина Брвеница.
2.Разгледување и усвојување на Завршната сметка на ЦРППР за 2022 година.
3.Разгледување и усвојување на Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на ППР за 2021-2026, за 2022 година.
4.Разгледување и усвојување на Одлуката за Изменување и дополнување на Одлуката за Извршување на Буџетот на општина Брвеница за 2023 година.
5.Барање од ТД Ангелс Бјути ДООЕЛ Подружница Автоперална Даки с.Брвеница.
6.Барање од Сабир Рушити за финансиска помош.
7.Барање од Емин Мехдији.
8.Разгледување на предлозите по однос валидација на улиците со цел за донесување на Адресен Регистер.

Претседателот на Советот ги прочита точките и пред да праша дали има некој за изменување и дополнување на дневниот ред, кажа, имаме две дополнителни точки, и тоа: Предлог-Одлука за разрешување и именување претставник на министерството во УО на ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ и Предлог-Одлука за усвојување на Одлуката за формирање на ICARE ПОЛОГ,, .

За збор се јави Мирослав Даиловски и кажа, има и една измена, првата точка од дневниот ред на Комисијата за финансии односно 4-тата точка од дневниот ред на седницата на Совет ќе се тргне од истиот за наредната седница на Совет. На местото на четвртата точка од дневнот ред на седницата на Совет ќе биде Кварталниот Извештај.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, дневниот ред заедно со измените, го стави на гласање и истиот едногласно се усвои од присутните 13 советници.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на записник од деветнаесеттата седница на Советот на општина Брвеница,, Претседателот на Советот ја прочита истата и праша дали има забелешки на записникот.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„Усвојување на записникот од деветнаесеттата седница на Советот на општина Брвеница„** го стави на гласање и истиот беше едногласно прифатени од присутните 13 советници.

**II**

По однос втората точка на дневен ред, „Разгледување и усвојување на Завршната сметка на ЦРППР за 2022 година„ Претседателот на Советот збор и даде на вработената во администрација од правната служба.

Од правната служба кажа, од минатата година почна како практика, ППР Завршната сметка и Годишниот извештај ги испраќа до општинските Совети на општините од Полошкиот регион да поминат на Совет но само од информативен карактер.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„Завршната сметка на ЦРППР за 2022 година„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатен од присутните 13 советници.

**III**

По однос третата точка на дневен ред, „Разгледување и усвојување на Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на ППР за 2021-2026, за 2022 година „ Претседателот на Советот збор му даде на вработената во администрација од правната служба.

Од правната служба кажа, оваа точка исто како и претходната е од ППР и исто е од информативен карактер и веќе се е објаснето во претходата точка.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи се беше објаснето во претходната точка и бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „ Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на ППР за 2021-2026, за 2022 година„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните 13 советници.

**IV**

По однос четвртата точка од дневниот ред „ Разгледување и усвојување на Прв Кварталниот Извештај за Извршување на Буџетот на општина Брвеница за период од 01.01.2023 до 31.03.2023„ Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за финасии.

Претседателот на Комисијата за финансии кажа, ја разгледавме точката и соодветниот по финансии ни образложи за истата.

Претседателот на Советот збор му даде на соодветниот од општината.

Соодветниот по финансии од општината кажа, најпрво да образложиме зошто ја менуваме точката, тоа е за да не дојде до ситуација во две седници едноподруго да корегираме една иста одлука. За кварталниот извештај како и секогаш за секоја година значи по 4 квартали имаме. Овој пат е првиот квартал за период од 01.01 до 31.03. Кај основниот Буџет 105.491.000 денари, колку ни беше планиран Буџетот има реализација на Буџет од 18.782.000 ден. кај приходите или во проценти 17,8 %, исто толку имаме и кај расходите бидејќи имавме салдо и со тоа се покри, колку се трошоците толку се и приходите, затоа толку имаме кај расходите. Кај самофинансирањето знаеме дека се работи за кај градинката, тие имаат партиципација за децата што се згрижени, предвидени се 1.440.000 ден. приходи а реализирани се 311.537 ден. или 21,64% а кај расходите

52.272 ден. или 3,63%.  Кај блок дотациите  и за школите и за градинката што ни доаѓаат од горе од планирани 115.146.000 денари реализирани 28.397.000 или 24,66% . И кај расходите има 27.806.000 ден.  или 24,16%, кај донациите 135.000 ден.  тие се планирани за вработените од УНДП , од 135.000 ден.  реализирани 86.400 ден.  или 64% кај расходите 81.000 ден.  или 60% равно. Како вкупен Буџет и Основен Буџет, Блок дотации, самофинансирачки дотации 222.212.000 де. , реализација 47.575 ден. или 21,41%  или кај расходите имаме 46.721.000 ден.  или 21,03% . Ова е тоа како и секогаш, квартален извештај е.  Кај долговите добар тренд имаме, одиме на намалување, стигнавме до 30.287.000 ден. од кои само за кредитот има 25.000.000 денари. Ратата што ни беше сега на втори е платена, очекуваме во осми месец да стигне и втората рата. Како дополнување ќе биде, иако е рано само  известување ќе биде, од наредната година ќе почнеме некаде од девети месец  да плаќаме рата бидејќи е на два дела кредитот.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој  не се јави за збор Претседателот на Советот точката  ,,Прв  Кварталниот Извештај за Извршување на Буџетот на општина Брвеница за период од 01.01.2023 до 31.03.2023 ,, ,  ја стави на гласање и истата беше едногласно  прифатена  од  присутни  13  советници.

**V**

По однос на петтата точка од дневниот ред   ,,Барање од ТД Ангелс Бјути ДООЕЛ Подружница Автоперална Даки с.Брвеница,, ,   Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа, доставено е едно барање и не ми е јасно зошто е дојдено кај Советот бидејќи е од надлежност на ОЈП а таму си има директор кој треба да одлучи.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Абеб Нухии се јави за збор и кажа, ние го имавме како точка на дневен ред на Комисијата за финансии но го префрливме за тука односно за да се расправа на Совет за истото. И ние го делиме вашето мислење дека надлежностите се на ОЈП и директорката треба да одлучи за истото. Исто така фактурите се со големи цифри, ние не можевме да одлучиме за овој случај и не знаевме многу за истиот.

Претседателот на Советот кажа, ние како Совет не можеме да правиме некоја измена, сме имале и други случаи, и во минатото во Советот имало случаи но не со олку голема сума и истите ги решавало ОЈП. Имало и случаи пола од сумата да се плати барателот а пола ОЈП. Потенцирам ОЈП да одлучи по однос ова барање.

Despite Дончо Симјаноски се јави за збор и кажа, овде имаме една фактура од фирмата што има дадено жалба, како доказ има приложено и фактури и за 4 месеци износот е 135.000 денари. Дефект имало а не е пронајден, образложение е дека газдата бил на боледување и незнам дали има потреба овде да се помогне. Тој е спремен дел од сумата да ја плати а другиот дел да го плати ОЈП, нее на одмет и ние да дискутираме бидејќи и директорката бара мислење од нас. Незнам кај оди линијата и после е пронајден и дефектот, а колку сме ние компетентни да дадеме мислење за да недојде до тужби и слично, незнам.

Абеб Нухии зеде збор и кажа, не дека немало дефект, поради високата сума, колку може тој да плати и колку се во можност тие да го ослободат. Вакви случаи ќе има и во иднина и во тие случаи ќе има злоупотреби. Ние овој проблем да го оставиме на ОЈП ,,Вардар,,.

Мирослав Даиловски предложи, ние може и Бујар да го викнеме за да ни биде појасно.

Претседателот на Советот кажа, проблемот се случил, тие имаат директор и нивна одговорност е како ќе го прифатат случајот.

Претставникот од ОЈП  Бујар Мислими кажа, автопералната Даки е наш корисник, овој дефект навистина се случил и дефектот бил за два месеца. Ние ја делевме фактурата за да може да се плати.  Имавме и порано вакви случаи, имавме со физички  лица и сите платиле. Барањето тој сам го напишал и сам го поднесе. Ние без некаква одлука  не можеме да го отпишеме долгот.

Претседателот на Советот се надоврза и кажа, ние како Совет никогаш не сме донеле ваква одлука како што барате денеска, ние не сме овластени за тоа. Колегите се согласуваат со тоа а вие како ОЈП треба да одлучите, имате и Статут и Деловник за работа и по тоа да постапите.

За збор се јави Светлана Стаматовска и кажа, на Совет доаѓаат и други слични точки како и оваа за финансиска помош, затоа ваквите точки да одат директно кај Градоначалникот за тој да одлучи, затоа да се донесе еден таков заклучок.

Претставникот од ОЈП Бујар Мислими се надоврза и кажа, само да ве информирам дека ние не можеме да носиме било каква одлука. Од минатата година 10 месеци се занимавав со овој проблем, сега вие ако донесете некоја одлука ние истата ќе ја спроведеме.

Претседателот на Советот додаде, ако вие не можете да донесете одлука барајте некој кој може, а ако немате Деловник и Статут тогаш донесете. Ние немаме основ да решаваме по истото, кога би можеле ние сами би одлучиле. Ако се гледа дека има реална штета тогаш е друго, ако некој од колегите има што да додате тогаш земете збор.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,,Барање од ТД Ангелс Бјути ДООЕЛ Подружница Автоперална Даки с.Брвеница,, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 13 советници.

## VI

По однос на шесттата точка од дневниот ред ,,Барање од Сабир Рушити за финансиска помош,, , Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа, овие барања ги делегираат до Градоначалникот, за висината на сумата тој одлучува во рамките на можностите на општината. Јас мислам дека ова барање треба да го префрлиме до Градоначалникот.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,,Барање од Сабир Рушити за финансиска помош,, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 13 советници.

## VII

По однос на седмата точка од дневниот ред ,,Барање од Емин Мехдији,, , Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа, оваа точка е со цел отпочнување за прибирање на документација за изградба на спортска сала во село Челопек, сега збор му давам на предлагачот на точката.

Предлагачот на точката Емин Мехдии кажа, дали има доставено барање до министерството за образование, доколку нема тогаш да се достави. Бараме да се изготви проект за изградба на спортска сала.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Абеб Нухии и кажа, ја подржувам иницијативата и порано имаше барање за изградба на спортска сала по иницијатива на нас советниците. За изградбата уште тогаш биле предвидени средства колку што се сеќавам и биле објавени во Службен весник , тие средства се повлечени и се пратени во Липково. И јас ја подржувам оваа иницијатива, ќе направиме едно барање до министертвото за образование.

Претседателот на Советот се надоврза и кажа, точката е дискутабилна, какви документи треба да се изготват, нема повик и не ги знаеме условите. За да се изготви проектот треба многу средства но кога ќе има јавен повик и ако сами го изготвиме проектот. Кога ќе има објавено оглас ќе изотвиме проект. Значи дека документација ќе прибереме и проектот ќе го изготвиме, кога ќе има објавено повик ќе аплицираме.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,,Барање од Емин Мехдији,, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 13 советници.

**VIII**

По однос на осмата точка од дневниот ред „Разгледување на предлозите по однос валидација на улиците со цел за донесување на Адресен Регистер,, , Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа, по однос валидацијата на улиците, минатата седница зборувавме за именување на улици за Централен регистар. На состанокот беа присутни Претседателите на МЗ, катастарот со ГПС ги измерил улиците од каде започнуваат и до каде завршуваат. Во некои села има конкретни предлози во други сеуште нема. Во селата каде нема тогаш да се предложи на наредната седница. Пред да се заврши комплет проектот ќе имаме реална слика и ќе се гласа по предлозите а потоа поминуваат низ филтер на Владата и се оди со Валидација. Во Челопек не е завршено а не е и на другите населени места. Ова е само почеток, на соодветните лица кои имаат контакт со граѓаните да им се помогне.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Злате Китаноски и кажа, јас предлагам главната улица Маршал Тито која поминува низ село Брвеница да се преименува во улица Станоја Глишиќ.

Претседателот на Советот кажа, предлогот е добар и овој предлог треба да оди на состанок во селото, самите граѓани треба да ја подржат иницијативата и не верувам дека некој ќе има против овој предлог.

За збор се јави Дончо Симјаноски и кажа, на состаноците на Месните заедници, заедно со советниците , Претседателите на МЗ и групата граѓани да се изготви со записник и тој записник да се овери од месната и да дојде до општината. За сето тоа имаме време, целта е да биде валидно и да небиде утре дека некој не се сложува со тоа или пак дека поединци го донеле тоа. Записникот треба да биде со забележано присуство на претседателите на МЗ, советници и граѓани, предлогот на Злате Китаноски ќе биде вметнат во другите предлози кога ќе го имаме состанок.

Абеб Нухии кажа, за оваа точка треба да биде и секретарот овде бидејќи рекоа дека во Блаце е завршено и по однос тоа е ставено како точка на дневен ред и како што рече Претседателот на Совет како што ќе се завршува со состаноците, така на Совет ќе поминуваат.

Претседателот на Советот кажа, тогаш оваа точка ја префрламе за следната седница, информации сега имаме и знаеме како да постапиме.

**IX**

По однос на деветтата точка од дневниот ред „Predlog-Odlukata za формирање на ICARE ПОЛОГ,, , Претседателот на Советот ја прочита истата и пред да му даде збор на пртставникот на ЦРППР да образложи по однос точката.

Пртставникот на ЦРППР кажа, јас сум Фатмир Саити директор на ЦРППР, во рамките на овој проект ние сакаме да направиме едно здружение заедно со Штулов Универзитет, општината и ние како ЦРППР. Ќе се занимаваме со сите студии кои ќе произлезат од оваа организација, ќе се аплицира до општината , ќе се занимаваме со менаџирање со животната средина, водата, отпадот, елементарните непогоди, развивање бизнисот. Оваа Одлука поминува кај Градоначалникот на општината, и во Тетово, Гостивар, Боговиње. Денес е кај вас а потоа и во Желино. Што се однесува до финансиски аспект, тоа ќе се одлучува на ниво на Градоначалниците и тие ќе одлучуваат како ќе се развива понатаму.

Претседателот на Советот кажа, секако дека ние нема да прекинеме формирање на едно здружени, Градоначалникот е овластен, добро е да се почне со работа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Odlukata za формирање на ICARE ПОЛОГ,, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 13 советници.

**X**

По однос на десеттата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука по однос разрешување и именување претставник на министерството во УО на ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ „ , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор и даде на вработената од општината во правната служба.

Од правната служба кажа, од МТСП член од Управниот одбор во ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ бараше оставка и тие наместо Снежана Трајаноска ни праќаат друг член Вукосава Анѓелковска. Ние како основач треба да ја именуиваме новата а да ја разрешиме Снежана Трајаноска.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука по однос разрешување и именување претставник на министерството во УО на ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 13 советници.

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши дваесеттата седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**
Наташа Стојческа

**Претседател на Совет**
**Бујамин Рушити**

**Бр.08-812/2**
**27.04.2023 год.**
**Брвеница**